ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ
БИТОЛА
ул. Булевар 1-ви Мај 268, 7000 Битола • тел. 047 236 036
• e-mail: zdr_napenzioneribt@t.mk




# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА
# НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПЕНЗИОНЕРИ БИТОЛА
# ЗА 2025 ГОД

## **Вовед**

Здружението на пензионери Битола во 2025 година, своите активности ги насочи за остварување на програмските цели утврдени со Програмата за работа во 2025 година, во рамките на финансискиот план утврден за 2025 година и во согласнопст со одредбите на Законот за Здруженија и фондации и Статутот на Здружението.

Во текот на 2025 година ЗП - Битола превземаше активности за остварување правата на членовите на пензионерите, унапредување и јакнење на Здружението на пензионери и развивање на демократски односи следење на прописите од обласга на пензиското осигурување, остварување на поцелосна и поквалитетна здравствена заштита, збогатување и унапредување на културните,спортските и социјално-хуманитарните потреби на пензионерите во соработка поддршка на СЗПМ и преку претставницициte делигирани во органите и телата во Сојузот на здруженијата на пеннзионери на Република Северна Македонија. Црвенит крст и Локалната самоуправа.

**Обезбедување на простор за пензионерски клубови**

- Во 2025 год Здружението на пензионери Битола со подршка на Општина Новаци (која ни отстапи простор на користење) се опреми и отвори клуб на пензионери во с. Добромири., каде пензионерите ќе можат да го минуваат активно слободното време.
- Со Општина Битола кон крајот на 2025 год, потпишан е договор за отстапување на простор на користење на 2 години за пензионерски клуб во Месната заедница ,,Кочо Десано,, кој од страна на Здружението е опремен и ке биде ставен во употреба на пензионерите од овај М. Огранок .

**Хуманитарни и социјални активности**

- Во согласност со Правила за доделување на хуманитарна помош и Одлуката на Извршниот одбор по повод Верските празници, Здружението на пензионери - Битола, Новаци и Могила, додели 600 ваучери од 1200 ден.
- Со помош и подршка на ОО „Црвен Крст“ Битола и претседателите на месните огранoци, беа доделени пакети со прехрамбени производи, на пензионери со ниски примања болни и осамени во руралните и градските месни огранoци.
- По повод Велигденските празници, со црвени јајца, домашни производи од вредните раце на нашите жени пензионерки, со песна и ора од играорната група ,,Весели пензионери,, беа посетени штитениците сместени во Домот за стари лица.,,Сју Рајдер,, Битола. Со честитки за Велигденските празници за добро здравје среќа и радост, со желби пак да се видиме и зааедно да славиме.
- По повод 20- ти септември Светскиот ден на пензионерите Здружението заедно со играорната група ,,Весели пензионери,, секцијата на жени го посетија Домот за стари лица „Сју Рајдер“ Битола на кои им беа

донирани овошје и домашни вкусни пекарски производи изработени од вредните раце на пензионерките.

- При набавка на огревно дрво за пензионерите Здружението посредуваше во 2025 год и успешно реализира набавка околу 6000 метра просторни и околу 4500 вреќи со пелети.( една врека 15 кгр). До 31-ти Ноември, согласно договорите со превозниците. дрвата и пелетите беа доставени до домовите на пензионерите. Оваа можност ја искористија 1600 пензионери. Плаќањето се вршеше на 5 рати.
- Здружението на пензионери посредуваше и при набавка на прехрамбени продукти месо (свински полутки) по пониска цена со плаќање на повеќе рати. Набавени беа 700 свински половинки.( 28.450 кгр)
- Во 2025 год. согласно Правилникот за критериуми и постапка за давање на стан, гарсењера под закуп, по предлог на Комисијата за стан и станбени прашања додели една гарсоњери со кое на пензионер со ниски пензија му беше решено станбеното прашање.
- На ученици од Центарот за поддршка на учењето на деца со попреченост во Основното училиште „Ѓорги Сугарев“ Битола по повод Новогодишните и Божиќните празници им беа доделени новогодишни пакетчиња со училишен прибор, на кој им е потребен за полесно да ја совладаат наставта.

**<u>Активности од здраството и здраствената дејност</u>**

- Согласно програмата за работа во 2025 год. ЗП продолжи со договорите со двете Битолски лабаратории за испитување на крвна слика со три параметри (триглицериди, холестерол и гликемија) како и мерење на крвен притисок. Оваа услуга ја искористија 2350 пензионери
- Согласно Правилникот за организација за здраство и здраствена заштита на корисниците на пензија, пензионерите имаа право на паричен надоместок за потешки утврдени дијагнози и операции предвидени во овај правилник, Висината на надоместокот зависи од висината на пензијата.Комисијата за здраство донесе 64 позитивни решенија, за пензионерите кои добија парична помош.
- Здружението во 2025 год, продолжи да дава потврди за повластено користење услугите по намалени цени во бањсо климатските установи со кои имаме потпишано договори( Негорски бањи, Дебарски бањи и Катлановски бањи . Оваа услуга ја искористија 131 пензионер.
- Успешно реализиран проект за бесплатно мерење на притисок во очите и шекер во крвта на пензионерите од ЗП Битола, Новаци и Могила, согласно склучениот меморандум со специјализираната болница ,,Промедика офталмологија,, Скопје. и СЗПМ. Скопје.Услугата ја добија 157 пензионри.
- Здружението на пензионери Битола аплицираше по програмата за Еднакви можности на Општина Битола за 2025 година со проектот „Информирај се биди здрав 2“ беа добиени 30.000,00 ден. за реализација на овај проект Се одржаа повеке едукативни работилници на тема „ Шеќерна болест или дијабетес (со лекар интернист специјалист кардиолог. едукативна интерактивна работилница на тема **,,КРВНИОТ**

**ПРИТИСОК -ТИВОК УБИЕЦ,,** со специјалист по интерна медицина-катдиолог едукативна работилница.

- Во просториите на Здружението на ЗП Битола , новиот клуб во Месниот огранок,, Панде Кајзеро,,и месниот огранок ,,Вељко Влаховиќ се одржа едукативна работилница на тема ,, **Уринарна инконтиненција и малигни заболувања на женските полови органи,**, со лекар специјалист гинеколог.

**Спорт и спортски активности**

- На 1.06.2025 год се одржаа XXIX-те Регионални спртски игри на пензионери организирани од СЗПМ. Домакин веше Здружението на пензионери Крушево Учествуваа Здруженијата на пензионери од Битола, Прилеп, Крушево, Д.Хисар и Ресен со спортисти пензионери кои настапија во 11 спортски дисциплини.

Битола на овие спортски игри освои 8 први места

- **трчање на 80м.мажи до 60 години**
- **-трчање на 80 м . мажи над 60 год**
- **-Шах мажи**
- **-Пикадо мажи**
- **Домино мажи**
- **Стрелаштво мажи**
- **Фудбал жени**
- **кошарка мажи**

Спортистите кои освоија први места на Регионалните спортски игри се пласираја да настапат на Републичките спортски игри.

На 09.09.2025 год во Скопје се одржаа 29 -те Републички спортски игри на пензионерите под покровителство на СЗПМ

Учествуваа 40 здруженија со 328 спортисти, а се натпреваруваа во 11 спортски дисциплини.

Здружението на пензионери настапи во 8 дисциплини со 19 спортисти

Здружението на пензионери Битола на овие спортски игри освои

Едно прво место во

- **трчање на 80м.мажи до 60 години**.

Едно второ место во

- **пикадо мажи**

Две трети места

- **-фудбал жени и**
- **-Шах мажи.**

За најдобар шахист на Републичките спотски игри беше прогласен **Томе Тодоровски -** пензионер член на ЗП Битола

**Културно забавниот живот на пензионерите**

- Во 2025 година целосно се реализираа планираните програмски активности за еднодневните пролетни и есенсккои екскурзиии кои ги организираа претседателите на месните ограноци. Организирани беа 62 екскурзии. Околу 3000 пензионери ги искоритија рекреативните прошетки низ Република Северна Македонија
  Една од програмските активности на Здруженијата е и оргаизирање на музички и фолклорни активности.
- На 16.04.2025 год. во Демир Хисар се одржаа 23- те Регионални песни музика и игри од 7-от регион под покровителство на СЗПМ., со кое потврдивме и покажавме дека ја негуваме македонската етно традиција, музичко творештво и нашата културна ризница и потсетиме дека фолклорот ја шири љубовта, обединува и зближува.

- Здружението на пензионери Битола успешно се претстави со настап на играорната група ,,Весели пенионери,, со две ора и пеачката група ,,Сирма Војвода,,со две песни.
- За Републичката манифестација на песни ,музика и игри се пласира играорната група ,,Весели пензионери,,
  На 05.06 2025 год.во во Домот на АРМ во Скопје се одржа 15-тата Републичката ревија на песни музика и игри 2025 год. под покровителство на СЗПМ.
  Здружението на пензионериБитола настапи со играорната група ,,Весели пензионери, со орото ,,Каламатија,, и забележа одличен успех. .
- На 16.06.2025 год. Пеачката група ,,Сирма Војвода,, од Здружението на пензионери Битола учествуваше на седмиот ,,Меѓународен и регионален фестивал на хорови и пеачки групи,,во Куманово.
  Забележаа голем успех со изведбите на 4 македонски народни песни и една соло песна од пеачот Драги Кабровски, на огромно задоволство на публиката
- Пеачката група „Сирма Војвода“ во текот на цела година не претставуваше на традиционалните манифестации кои се организираа во Општина Битола, како „Илинденските денови“,и Старата битолска чаршија.
- По повод Велигденските празници, со песна и ора од играорната група ,,Весели пензионери,, беа посетени штитениците сместени во Домот за стари лица.,,Сју Рајдер,, Битола.

**Други активности**

- Здружението на пензионери Битола, заедно со пензионерите инвалиди масовно се вклучија во најмасовната тридневна акција акција во државата ,,Генералка викенд,,, која се реализира петта година по ред. од 09-11.05. 2025 год.
- Генералка се направи во заедничките простории во Здружението, дворното место, улицата пред здружението.Се засадија нови садници на

цвеке Собрани беа повеке пластичните кеси со губре кои одлагаа во коniњерите.

- Здружението на пензионери во соработка со полициски службеници од Отсекот за превенција при СВР Битола, одржа две едукативна работилница во М.О ,,Панде Кајзеро,, на тема, од кампања под мотото – „Заштити се од џепни кражби,, една работилница во МО Новаци на тема „Правилно користење на земјоделска механизација“, и тема ,,семејно насилство,, По однос на правилно користење на на земјоделската механизација , особено беше истакнато дека со отпочнување на пролетната сезона и работа со земјоделската механизација на терен, на пензионерите од општината им беше укажано за важноста од користење исправна механизација и приклучна опрема односно истите да бидат соодветно обележани со сигнализација и исправни за учество во сообраќајот
- За темата семејно насилство и навремено пријавување и заштита. под мотото. „Секој има право на живот без насилство“, покрај едукативно – информативниот карактер, целта на активноста беше заштита и спречување, односно намалување на бројот на секаков вид на семејно насилство. На граѓаните особено им беше потенцирана неопходноста од соработка и нивна навремена комуникација со полицијата, со брзо и точно пријавување на бесплатниот телефонски број 112 за навремена реакција и преземање на мерки од страна на полицијата..
- Во текот на 2025 год продолживме со давање на потврди за библиотека за без плакање на членарина да можат пензионерите да читаат книги согласно склучениот меморандум за соработка. Но за жал Универзитетската библиотека во последните месеци откажа од таквото право за пензионерите и без да е извести ја прекина соработката. Оваа услуга ја искористија 51 пензионер.

**<u>Секцијата на жени</u>**

- По повод празникот Православна Стара Нова година Секцијата на жени од Здружението на пензионери Битола, организираше традиционална забава со вртење на мазник со пара.
- Секцијата на жени организираше посета на старите лица сместени во хосписот Јавната установа за стари лица „Сју Рајдер“ Битола, каде им донирааа храна и овошје подготвена од вредните раце на пензионерките.
- По повод празникот Св. Трифун( Денот на вљубените се организира еднодневна екскурзија со посета на винариите во Неготино, ,Кавадарци , а беа посетени и Ваташа и Мокриште.
- По повод 20- ти септември Светскиот ден на пензионерите Здружението заедно со играорната група ,,Весели пензионери,, и секцијата на жени го посетија Домот за стари лица „Сју Рајдер“ Битола на кои им беа донирани овошје и домашни вкусни пекарски производи изработени од вредните раце на пензионерките.
- На 14.02.2025 год. Секцијата на жени учествуваше со подготвени домашни слатки производи од пензионерките на манифестацијата

„Блакцето на бабата“ во Росоман по покана од секцијата на жени од Велес.
- Празникот на градот Битола „4ти Ноември“ Здружението заедно со Секцијата на жени го одбележа со пригодна свечаност, забава со поканети гости од сите здруженија на пензионери членки на СЗПМ
- Секцијата на жени низ цела година учествуваше на едукативните работилници, кои ги организираше здружението .

**Собрание на Здружението на пензионери Битола**

Во текот на извештајниот период Собранието одржа 3 редовни седници

- Извештајот за работата на Здружението за 2024 год.
- Извештај од пописната комисија за 2024 год.
- Завршната сметка за 2024 год.
- Извештај за работата на Надзорниот одбор за 2024 година
- Полугодишен извештај за финансиското работење на здружението за период од 01.01.2025- 30.06.2025 година
- Одлука за именување на член на Назорен одбор

- Програма за работа на Здружението на пензионери Битола за 2026година
- Финансов план на Зружението на пензионери Битола за 2026 година.
- Програма за работа на Надзорниот одбор за 2026год.

**Извршен одбор на Здружението на пензионери Битола**

Извршниот одбор во текот на извештајниот период одржа 14 седници на кои се разгледувани прашања од тековното работење на Здружението како што се

- Одлука за усвојување на извештајот од пописната комисија за извршениот попис за 2024 годна
- Одлука за покривање на тековни трошоци
- Одлука за запишување на огревно дрво и пелети за 2026 година
- решение за прекин на работниот однос поради исполнување на услови за остварување на право на старосна пензија на вработена
- Одлука за обезбедување на средства за исплата на отпремнина за заминување во пензија за вработена во Стручната служба
- Правилник за измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работни места на работниците на Здружението на пензионери од Битола
- Одлука за префрлање на средства од деловен фонд за купување на новите деловни простории за клубови на пензионери.
- Разгледување на Извештајот за работа на ЗП – Битола за 2024 год.
- Разгледување на Годишниот Финансискиот извештај на ЗП – Битола за 2024 год.

- Разгледување на Извештајот за работа на Надзорниот Одбор на ЗП – Битола за 2024 год.
- Одлука за набавка на музички систем за потребите на ЗП – Битола и играорната група „Весели пензионери“
- Одлука за набавка на облека (народни носии) за играорната група „Весели пензионери“ при ЗП - Битола
- Одлука за склучување меморандум за соработка со НУ „Народен Театар“ Битола
- Одлука за измени и дополненија на Правилата за начинот, условите и критериумите за доделување на хуманитарна помош на пензионери со ниски примања во семејството
  - Одлука за доделување на ваучери
  - г Одлука за одобрување за склучување на договорот за орочување на средства по видување со ТТК банка
  - Одлука за одобрување за склучување на договорот за орочување на средства со Уни банка
  - Одлука за организирање на пролетни екскурзии
  - Одлука за прифаќање на учество на 23 - тата ревија на песни, музика и игри 2025 година
  - Одлука за прифаќање на учество на 29 – тите Регионални пензионерски спортски игри 2025 година
  - Одлука за донација на хуманитарна помош на семејствата на настраданите во пожарот во дискотеката во Кочани
  - Одлука за прифаќање на оставката на престедателот на Надзорниот Одбор Митко Гегараковски
  - Одлука за организирање на еколошка акција
  - г Одлука за прифаќање на поканата од збратименото здружение Ѓорче Петров за претстојната ревија на песни, музика и игри 2025 година
  - Одлука за утврдување на дестинациите на пролетните и есенските екскурзии
  - Одлука за заштита на лични податоци
  - Одлука за поправка на лифтови на ул. Булевар 1ви Мај бр.268
  - Одлука за доделување на ваучери
  - Одлука за апликација на „Бит Фест“ 2025г.
  - Одлука за набавка на спортска опрема
  - Одлука за исплата на К-15 (Надоместок за годишен одмор) на вработените согласно колективен договор на ГО.
  - Одлука за плаќање на тековни трошоци.
  - Одлука за прифакање на договорот за вршење на дополнителни работи -хигиеничарка.
  - Одлука за учество на играорна група на балкански фестивал на игри и песни во градот Кочаели Република Турција
  - Одлука за финансиска помош на играорната група Весели пензионери за патување во Турција
  - Одлука за изработка поставување на фотографии на сите претседателите на ЗП Битола во салата за состаноци.
  - Одлука за набавка на огревни букови дрва во МО Буково

- Разгледување на полугодишниот финансов извештај на ЗП Битола од 01.01.2025 год до 30.06.2025 год.
- Разгледување на записникот и мислењето од Надзорниот одбор во врска со полугодишниот финансиски извештај од 01.01.2025 год до 30.06.2025 год.
- Оодлука за огласување на слободната гарсоњера и доделување на пензионер/ка согласно Правилникот за критериуми и постапка за давање стан( гарсоњера) под наем од Комисијата за стан и станбени прашања
- Одлука за Измени и дополнивања на правилникот за систематизација на работните места на работниците во ЗП Битола.
- Одлука за отварање на клуб на пензионери во с.Добромири
- Одлука за донирање на фрижидер на ООЦК Битола во новите простории каде ке се отвори ,,Дневен центар за активно стареење,,
- Одлука за набавка на 3 м. огревно дрво во пензионерскиот клуб во с. Породин
- Одлука за поставување на посебени стујомер и одвојување на струјата со ЗП инвалиди БИП Битола и деловниот простор (два нови струјомери и посточкиот да остани во деловниот простор).
- Одлука за плакање на трошоците за медијација на медијаторот и адвокатсите трошоци по тужбата за неплатена струја од ЗП. инвалиди БИП Битола.
- Известување за добивањето на спорот со Општина Битола по тужбата за сопственост на дуканот на ул. Булевар 1-ви мај бр 148. Битола
- Одлука за Измени и дополнување на правилникот за организација и работа на комисијата за здраство и здраствена заштита на корисниците на пензија
- Одлука за набавка на опрема и реквизити за новиот клуб во с. Добромири општина Новаци. (предлог од комисијата)
- Одлука за покривање на тековни трошоци,
- Одлука за обезбедувањена овластено лице за изработка на полна шема , која е побарана од Електро дистрибуција, како услов, покрај другите документи, за поделбата ел. енергија со ЗП инвалиди Битола..
- Одлука за запишување на свински половинки 2025 година
- Одлука за одганизирање на прослава за ослободувањето на Битола на 4-ти ноември од страна на Секцијата на жени – ЗП Битола
- Одлука за гратис карти на учесниците – гости на прославата
- Одлука за набавка на новогодишни материјали за Новата 2026 год. (календари, пенкала и запалкии др. 2026 год) и набавка на пакетчиња за децата со попреченост во интелектуалниот развој од ОУ. Горги Сугарев Битола
- Одлука за формирање на пописна комисија од три члена за попис на основните средства ,ситниот инвентар побарувања и обврски на ЗП Битола со состојба на 31/12/2025 год.
- Одлука за утврдување на касов максимум за 2026 год.

- Одлука за продолжување на договорот  за орочување на паричните средства во ТТК Банка.
- Одлука за доставување на согласност до Инвалидските пензионери за  целосна  поделба на електричната енергија  и плаќање  по 50% од трошоците по добивањето на решението од ЕВН Битола.
- Одлуказа прифакање  Програмата за работа на ЗП – Битола за 2026 год.
- Утврдување и птифаќање Финансискиот план на ЗП – Битола за 2026 год.
- Утврдување  и прифаќање на Програмата за работа на Надзорниот Одбор на ЗП – Битола за 2026 год.
- Предлог Одлука за покривање на трошоци.

**V Комисии**

- **Комисијата за стандард и снабдување**
  Оваа комисија одржа 4 седници, согласно статутот на ЗП  ги разглдуваше поголемите набавки за прехрамбените производи, набавката на дрва, пелети, спортската опрема рекламниот материјал и други набавки кои се извршија во 2025 година.

- **Комисијата за здравство  и здраствена помош**
  Разгледуваше барања за доделување на парична помош на болни и оперирани пензионери од потешки болести кои согласно Правилникот имаа право на еднократен паричен надоместок. Одржа 8 седници Оваа година Комисијата  додели парична помош на 64 пензионери.
  .
- **Комисијата за забава и култура**
  Активно се вклучи во организација и реализација на Културно забавните манифестациии за Регионалната ревија на песни и игри која се одржа во  Д Хисар , под покровителство на СЗПМ  како и на Републичката ревија на песни и игри која се одржа во Скопје.

- **Комисија за спорт  и спортски активности**
  Комисијата за спорт и спортски активности активно се вклучи  во месеците за  припремата на селекцијата  на спортистите за учество на Регионалните и републичките спортски игри  во сите спортски дисциплини .Комисијата одржа 2 седници во текот на 2025 год.

- **Комисијата за стан и станбено прашање**
  Комисијата работеше на доделување на испразнета гарсоњера,која требаше да се додели на пензионерите, согласно условите  за доделу вање на стан. Одржа  3 седници и доделена беше една  гарсоњера на пензионер болен и  со ниски примања .

**VI Стручна служба**

Стручна служба на ЗП - Битола, во извештајниот период ги извршуваше редовните работи предвидени со Статутот и програмата за работа на Здружението за 2025 година, како што се: извршување на финансиски - книговодствени работи на Здружението, нормативната и административно - техничката работа на Здружението, водење на записници од седниците на органите и телата на Здружението, архивирање на документација и други активности.

Февруари, 2026 година

Претседател на Собранието

Вера Ѓоршевска

___________________________